**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**30-ти јуни, 2010 година**

**Демократскиот развој во Република Македонија во 2009 година, „Нации во транзиција 2010“ извештај на „Фридом Хаус“**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: 3,79**




Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје го најавува најновото истражување и извештај на „Фридом Хаус“. Имено во новиот извештај на „Нации во транзиција 2010“ Република Македонија е оценета со 3,79 поени. Во рангирањето на „Фридом хаус“ единица значи највисоко, а седмица најнизок демократски развој.

Од осумте категории врз кои се темели оценката, Македонија забележала напредок во категоријата изборен процес од 3,50 на 3,25 и во борбата против корупцијата од 4,25 на 4,00. Оценките за преостанатите категории останале исти како и во претходниот извештај - независноста на медиумите (4,25), цивилно општество (3,25), демократско владеење на национално ниво (4,00), демократско владеење на локално ниво (3,75) и правна рамка и независност на судството (4,00).

Во делот за независноста на медиумите „Фридом хаус“ наведува дека во 2009 година останало проблематично собирањето на радиодифузната такса и финансиската независност на МРТ. Медиумите се соочувале со политички притисоци за време на изборните кампањи за претседателските и локалните избори. Некои медиуми не обезбедиле еднаков пристап за сите политички партии, а биле и нивни донатори со давањето големи попусти за нивно рекламирање. Организацијата забележува и дека неколку телевизии се под

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

политичко влијание бидејќи нивните сопственици се лидери на политички партии, и оти новинарите протестирале против законот за клевета.

За изборниот процес се посочува дека претседателските и локалните избори минаа мирно и досега ги имаат исполнето повеќето од меѓународните стандарди за демократски избори.

Во врска со демократското владеење на национално ниво, во 2009 е забележан дополнителен прогрес во имплементацијата на Рамковниот договор, процесот на децентрализација, употребата на малцинските јазици и правичната застапеност. И покрај повремените меѓуетнички тензии, конфликтите околу имплементацијата на Охридскиот договор беа минимални. Партиите во потрага за гласовите од одредени етнички групи често се обвинуваа меѓу себе со радикална реторика, оценува „Фридом хаус".

Во делот на демократско владеење на локално ниво се посочува дека 68 од вкупно 85-те општини влегле во втората фаза на фискална децентрализација. Административните капацитети на некои општини и транспарентноста на локалната администрација се уште остануваат ниски. По барањата на ЗЕЛС централните власти изразија подготвеност за постепено зголемување на средствата од даноците што ќе бидат наменети за општините. Иако процесот на децентрализација продолжува, неопходна е уште многу работа за негово комплетирање, се вели во извештајот.

За цивилното општество пишува дека во 2009 година Владата промовирала механизми за консултации со граѓанските организации, како и соодветна легислатива. Подобрени се процедурите за селекција и оценка за јавното финансирање на граѓанските организации. Сепак, владините претставници се уште ретко ги ангажираат граѓанските организации во градењето на политиките и подготовката на легислативата. „Фридом хаус" забележува дека лани граѓански и студентски организации протестирале поради планираната изградба на црква на централниот плоштад во Скопје, оти имало судири меѓу нив и контрадемонстрантите, како и за бавна реакција на полицијата.

Правната рамка и независното судство останаа предизвик за Македонија и во 2009. Лани беа назначени 38 нови судии и четворица претседатели на судови, а судскиот буџет зголемен за осум проценти. Имаше и тврдења за политичко влијание врз работата на судовите, посочува „Фридом хаус“.

Во 2009 Владата ја продолжи медиумската кампања за борба против корупцијата. Усвоен е Законот за полиција, а беа спроведени и неколку големи полициски акции кои добија судски завршници. Беа усвоени и амандманите на Законот за финансирање на политичките партии со цел да се обезбеди транспарентност, како и измени на Кривичниот законик, пишува во извештајот.

Според извештајот на „Фридом хаус“ за Македонија се истакнува дека нејзината консолидацијата зависи од меѓуетничките односи и евроатлантската интеграција која сега е блокирана од Грција. Со дополнителното одложување на европеизацијата на Македонија се ризикува натамошно антагонизирање на меѓуетничките односи и пораст на национализмот во земјата која веќе еднаш мина низ конфликт во 2001 година, заклучува „Фридом хаус“.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk